**Меѓународен комитет за танц**
**Интернационален театарски институт / УНЕСКО**

**Меѓународен ден на танцот – 29 април 2009**

**Порака за Меѓународниот ден на танцот – 29 април 2009**

**АКРАМ КАН**

**Меѓународниот ден на танцот е посебен ден, посветен на јазикот, кој го говори целиот свет, јазикот на нашето тело и душа, на нашите претци и нашите деца.**

**Овој ден е посветен на секој бог, учител и праучител, кои секогаш нè подучувале и вдахнувале.**

**На секоја песна и секој импулс и покрет кој отсекогаш не поттикнувале на движење.**

**Тој е посветен на секое детенце кое посакува да може да се движи по патот на својата ѕвезда. И мајката која му говори „Ти тоа веќе можеш да го направиш“.**

**Овој ден е посветен на секое тело без разлика на верата, бојата и културата кое ги преобразува традициите од минатото во приказни на сегашноста и во соништата на иднината.**

**Овој ден е посветен на Танцот, на неговата неизмерна количина на дијалекти и неговата огромна моќ на изразување, преобразбра, единство и радост.**

**Превод од француски: Елена Никодиновска**

* **Акрам Кан е роден во Лондон (1974) во фамилија на бенгалски родители, ја основал Akram Khan Dance Company (2000); неговите најзначајни продукции се: *Zero Degrees* (2005), *Sacred Monsters* (2005) и *Bahok* (2008). На 13 години учествувал во легендарната продукција на Питер Брук *Mahabharata* (1987 и 1989), играл и во филмуваната верзија 1988.**